Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11 и 123/12, 93/13 ,187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18),

Општина Ѓорче Петров, на ден __________ 2020 год. донесе:

# Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **ЛУПД со намена Е2 – Комунална супраструктура (фотоволтажни ќелии) со јачина до 1 MW, за дел од КП 393/1, КО Орман-вон г.р., Општина Ѓорче Петров**, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ **ЛУПД со намена Е2 – Комунална супраструктура (фотоволтажни ќелии) со јачина до 1 MW, за дел од КП 393/1, КО Орман-вон г.р., Општина Ѓорче Петров**, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причини: Донесувањето на планскиот документ ќе придонесе за: намалување на емисиите во воздух, вклучувајќи намалени емисии на стакленички гасови и придонес кон ублажување на климатските промени, зголемување на енергетската ефикасност во однос на постојните постројки во секторот енергетика, подобрување на услугите во производство и снабдување со електрична енергија, намалување на зависноста од увоз на струја, отворање на нови работни места, подобрување на бизнис климата, подобрување на квалитетот на живеење и зголемување на животниот стандард на населението. Имплементацијата на планскиот документ со својата намена за користење на обновливи извори на енергија е во насока на реализација на генералните цели на одржливиот развој преку намалување на вкупните емисии во воздух од производство на електрична енергија на конвенционален начин. Со правилно планирање и проектирање и добра анализа на влијанијата, предвидената активност во својата оперативна и функционална фаза нема да претставува значителен товар врз животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Број 09 - 1553/4

од 02.10, 2020 година

Скопје

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**

Република Северна Македонија • Општина Ѓорче Петров • Скопје 1

**Александар Наумоски**